# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА КРУШЕВО ЗА 2013 ГОДИНА

# 1.ВОВЕД

## 1.1.Основни податоци на општината

Општина Крушево е единица на локална самоуправа која како заедница на 9.684 жители, на површина од 205 км2 и 18 населени места плус градот Крушево , на подрачје утврдено со закон , преку своите органи и преку администрацијата и организираните јавни служби, ги врши надлежностите пропишани со закон.

Врши работи од јавен интерес од локално значење кои општината во согласност со закон има право да ги врши во своето подрачје и е одговорна за нивното извршување.

Според новата Систематизација со опис и попис на работните задачи на администрацијата во Локалната самоуправа преку која се извршуваат надлежностите,Општина Крушево е организирана не во 4 како во претходниот период , туку во повеќе одделенија и тоа:

- -Одделение за правни и општи работи и јавни дејности;

-Одделение за локален економски развој;

- -Одделение за урбанизам,комунални работи и заштита на животната средина;
- -Одделение за финансиски прашања.
- -Одделение за јавни набавки:
- -Одделение за инспекциски надзор-инспекторат;
- -Одделение за управување со човечки ресурси:
- -Одделение за внатрешна ревизија и
- -Територијална противпожарна единица

Во своја надлежност општината има 5 единки корисници кои се финансираат од средствата на буџетот и тоа:

-еден корисник од областа на труд и социјална политика,поконкретно од областа на детска заштита - Детската градинка "Гонча Туфа";

- еден корисник од областа на културата и тоа Домот на културата" Наум Наумоски - Борче";
- - еден корисник од областа на средното образование и тоа гимназијата "Наум Наумоски -Борче"

- и две единки корисници од областа на основното образование и тоа ОУ - "Никола Карев"- Крушево и ОУ - Св. "Кирил и методиј "од н.м. Бучин.

- Со втората фаза на фискална децентрализација општина Крушево во своја надлежност ја има и единицата за противпожарна заштита. Сите овие корисници се финансираат со блок дотации добиени од централната власт, освен пожарникарската единица која се финансира со наменска дотација .

## 2.2. Буџет и одлука за извршување на Општината

Општина Крушево фискалната 2013 година ја започна со донесен консолидиран буџет за 2013 година во висина од **209.705.000,00** денари.

Основниот буџет за 2013 година и Одлуката за извршување на Буџетот за 2013 година во висина од 209.705.000,00 денари беа донесени на седница на Совет на Општината одржани на ден 28.12.2012 година. Буџетот е донесен и изработен во согласност со добиеното упатство, насока односно буџетскиот циркулар добиен од Министерот за финансии за изработка на буџетот на Општините. Со тоа упатство се дадени макро-економските параметри и стратешките параметри на Владата на Република Македонија, стратегијата. предлогот на стратешките планови на буџетските корисници и буџетската политика,приоритетите на општината,податоците за одобрените наменски и блок дотации за финансирење на пренесените надлежности од фискалната децентрализација. Изработен и составен е врз основа на Законот за Буџет на ЕЛС; Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа; законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници; Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници ;како и други значајни законски прописи и подзаконски акти. Износите на расходите утврдени со годишниот буџетски документ се сметаат за максимални износи и над овие износи не може да се преземаат никакви обврски.

Извршувањето на буџетот на Општината се врши врз основа на донесениот годишен, квартални и месечни финансови планови по сметки програми,потпрограми и ставки на корисниците.

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и на другите приливи на основниот буџет,односно на ребалансираниот буџет тековно и преку кварталните извештаи за извршување на Буџетот.

Во текот на 2013 година Буџетот претрпува измени ,проширување и надополнување, заклучок дека се донесе еден ребаланс на Буџетот на општината како и едно проширувања и две пренамени .

Буџетот оваа фискална година беше проширен за износот на пренесените салда - непотрошени средства пренесени од претходната година само во делот на дотациите и на донациите, како би се овозможило на корисниците да ги искористат трансверираните средсва колку може повеќе во целост, а другите пренесени салда на неискористени средства по намени останаа во евиденција во реализацијата,односно во финансиското книговодство. Прв ребаланс ,односно намалување на Буџетот врз база на корегирање на развојната програма за периодот 2013-2015 година. се изработи и донесе на седница на Совет од 15.11.2013 година. Тоа значи дека развојните програми кои беа составен дел на развојната програма 2013-2015 година и за кои не се успеа да се започнат активности за нивна реализација, или не се реализираа во целост , да не се товари буџетот за 2013 година , се симнаа или избришаа од таа програма , а со тоа и од буџетот за 2013 година. Сепак се пренесоа во развојната програма 2014-2016 .

Буџетот на Општината Крушево за 2013 година во висина од 209.705.000,00 денари, со проширувањата и пренамената достигна износ од 211.473.226,00 денари. со ребалансирањето на приходите и расходите ,со првиот ребаланс и пренамената, достигна износ во висина од 160.069.000,00 денари или намалување на буџетот на Општина Крушево за приближно 23,67%, во споредба со основниот буџет 2013 година или намалување за 24,31 % во однос на Проширениот Основен Буџет.

Ребалансираниот буџет на Општина Крушево за 2013 година во висина од 160.069.00000 денари е консолидиран буџет составен од : основен буџет во висина од 82.684.000,00 денари или 51,66% од вкупниот буџет; ;буџет на дотации во висина од 70.821.000,00 денари или 44,24% од вкупниот буџет; буџет на самофинансирачки приходи во висина од 5.972.000,00 денари или 3,73% од вкупниот буџет и буџетот на донации во висина од 592.000,00 денари или 0,37% ;од вкупниот Буџет.

Зголемувањето или намалувањето на планот на приходите и планот на одобрените средства во буџетот на донации, дотации и самофинансирачки активности

го одобрува Советот на општината по претходно поднесено барање од буџетскиот корисник до градоначалникот на општината која пак го проследува до Советот на општината.

# 2.Годишна сметка

## 2.1.Завршна годишна сметка

Обврска на Општината според Законот за финансирање на ЕЛС ;Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници; Правилникот за сметководство на буџетити и буџетските корисници и врз основа на Законот за буџетите е да изработува финансиски извештаи на крајот на секој квартал ,како и истите ги доставува до соодветните органи и институции.

Во тие финансиски извештаи спаѓа и годишната поточно завршната сметка на буџетот на општината за 2013 година .На крајот на фискалната година во рок од 60 дена по завршувањето на истата се изработува завршна сметка на буџетот на општината за 2013 година и се доставува до:

- Централен регистар
- До МФ - УЈП- сега само образец даночен биланс -ДБ
- Државен завод за ревизија - Скопје
- Министерство за Финансии на РМ

Рок на достава е 28 02.2014 година за првите три институции, а до МФ на РМ рок за достава е 31.03.2014 година.
Финансиските извештаи содржат:

- Образец биланс на приходи и расходи;
- Образец биланс на состојба;
- Образец даночен биланс - ДБ ;
- Образец СПД рекапитулар на приходи по дејности ;
- Изјава на лице одговорно за достава на завршните сметки и за точноста на податоците;
- Образец ДЕ -за корисниците единки на ЕЛС

Општина Крушево изработува завршни сметки за сите сметки кои се отворени во рамките на единствената трезорска сметка на РМ ,активни сметки и тоа од сите типови на сметки како следува;

- Завршна сметка од тип 630 - основен буџет за трезорска сметка 700140547663016;
- Завршна сметка од тип 930 - буџет за дотации за трезорска сметка 740014057693018;
- Завршна сметка од тип 789- посебна наменска сметка - средства наменети за фекални канализации во н.м. Врбоец за трезорска сметка 740014057678921;
- Завршна сметка од тип 789-посебна наменска сметка - средства наменети за патишта од Агенцијата за државни патишта,сега преименувано како Јавно претпријатие за државни патишта; 740014057678936
- Завршна сметка од тип 789 - посебна наменска сметка - средства од Агенцијата за вработување наменети за лица ангажирани за вршење на јавни

работ -проект на Влада на РМ.
740014057678940

- Завршна сметка од тип 789 - посебна наменска сметка - средства за солидарност
740014057678917
- Завршна сметка од тип 785 донација -за прекугранична соработка со Грција -ПРОМОКРОС-за трезорска сметка
740014057678550
- Завршна сметка од тип 696-депозитна сметка -за депозит за оттуѓување на градежно земјиште
740014057669617
- **Завршна сметка од тип 789-посебна наменска сметка -сметка за Општинска изборна комисија-**
740014057678955

Првите две сметки се буџетски сметки преку кои се остваруваат и прибираат приходите како извор на средства во општината. Кај овие две трезорски сметки извршувањето на расходите во буџетот се врши преку сметката на Органот на општината 740014057663711 за основниот буџет-редовната сметка и сметката бр. 740014057693713 за сметката наменска дотација -редовна сметка.Поточно изнесено она што е расход во буџетската сметка претставува приход во сметката на органот на општината -редовна сметка.Овие две трезорски сметки секогаш имаат салдо 0,00. И за секоја сметка на Органот се доставува посебна завршна сметка.

Законска обврска е да се изработи консолидирана завршна сметка за 2013 година за тип на сметка: основен буџет, буџет за наменска дотација ,буџет за донација, буџет на заеми односно кредити ,буџет сметка за самофинансирање на корисниците односно на единките корисници на средствата од буџетот на Општината.Се изработува во форма и содржина во унифициран облик -апликација доставена од самото министерство за финансии.Рок за доставување на седница на совет за да се усвои е 15 Март (по Закон за фин. на ЕЛС )и доставува до МФ -рок е 31.03.2014 годдина.(по Закон за локална самоуправа).

Се доставува во печатена форма (писмена форма ) и во електронска обработка.

Составен дел на оваа завршна сметка е и годишниот извештај на Општина Крушево за 2013година.

## 2.2. Приходи на општината

Признавањето на приходите и другите приливи , содржани во главната книга на буџетите и на буџетските корисници на ЕЛС се спроведува преку сметководственото начело на парично искажување,а тоа значи да се признаваат во пресметковниот период во кој настанале според критериумите на мерливост и расположливост.Мерливост значи да постои можност да се искажат вредносно,а да се расположливи значи да се остварени во пресметковниот период.

Приходите на Општината може да бидат:

- Приходи од сопствени извори,а тука спаѓаат:
  -даночните приходи (данок на имот, данок на наследство и подарок)данок на промет на недвижности и права ,данок на специфични услуги, персонален данок на доход.
  - неданочни приходи (приходи од имот, приходи од такси и надоместоци, приходи од административни такси и надоместоци,други неданочни приходи).
  - капитални приходи на општината ( продажба на капитални средства, продажба

на стоки, капитални трансвери од невладини извори).
-приходи од трансвери и донации( приходи од ДДВ),наменски дотации, капитална дотација, блок дотација и дотација за делегирана надлежност.
- приходи од задолжувања (домашно задолжување и задолжување во странство).

Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа за 2013 година се состои од:

| | Планирани 2013г. | Реализирани 2013г. |
|---|---|---|
| **I.-Вкупни приходи** | **160.069.000** | **123.109.933** |
| • -даночни приходи | 18.830.000 | 14.552.523 |
| аночни приходи | 7.548.000 | 3.888.260 |
| Капитални приходи | 3.930.000 | 3.384.834 |
| Приходи од дотации | 70.821.000 | 69.134.339 |
| трансфери | 58.348.000 | 32.149.977 |
| донации | 592.000 | 0 |
| | | |
| | | |
| **II.-Вкупни расходи** | **159.869.000** | **123.676.277** |
| - утврден намени | 159.569.000 | 123.586.277 |
| - резерви | 300.000 | 90.000 |
| | | |
| | | |
| **III.-Дефицит** | 200.000 | -566.344 |
| **IV-Финансирање** | -200.000 | 566.344 |
| | | |
| **Прилив** | | 743.500 |
| - Домашни приливи | | |
| - приливи од странски заеми | | |
| - Депозити | | 743.500 |
| **Одлив** | | 177.156 |
| -Отплата на главница | | 177.156 |

**Салдо 31.12.2012 година , почетно 01.01.13= 3.649.319,00 денари**
**Салдо 31.12.2013 година = 2.905.819,00 денари; Потрошено од салдо во 2013година -депозит износ = 743.500,00 денари**

Разлика меѓу остварените приходи и остварените расходи ,остаток на непотрошени средства на сметките во рамките на трезорот изнесува 2.905.819 ,00денари.

Салдо на 31.12.2013година има на трезорски сметки:

740014057663016 - сметка буџет на Општината износ од **1.048.518,00**денари;

740014057693018 - сметка на буџет - дотации на Општината износ **1.278.515,00** денари; -збирно од остатокот на непотрошените средства од дотациите по намени за корисниците од пренесените надлежности ;

7400140576785 -- сметка за донација вкупно салдо износ од **117.77700** денари од кои за проект на Домот на ку;турата Н.Н. Борче Крушево останато салдо износ од 400,00 денари; од проект на ОСУ-Н.Н.Борче Крушево износ од 5.300,00 денари и од проект за прекугранична соработка со Грција -ПРОМОКРОС - износ од 112.077,00 денари.

7400140576787- сметка за средства од самостојна дејност на корисниците ,збирен износ од **461.009,,00** денари.

Во салдата на сметките во трезорот не е внесен остатокот од салдата на сметките за посебни намени од тип 789 бидејќи не влегуваат во консолидираната завршна сметка и тоа за сметките:

740014057678917 -сметка на средствата за солидарност,за елементарни непогоди салдо износ од 0,00 денари;

740014057678921- средства за фекални канализации во н.м. Врбоец износ од 0,00 денари;

740014057678936- - средства од агенцијата за патишта износ од 19.877,00 денари ;

740014057678940 - средства од АВР -ангажирани за јавни работи износ од 1,00 денари.

740014057669617 - депозитна сметка за градежно земјиште салдо износ од 1.555,00 денари.

Според евиденцијата во сметководството и главната книга на сметката на основниот буџет на Општината Крушево планирани се и реализирани следните приходи прикажани табеларно по видови и по сметки како и со извршената споредба на планираното и реализираното со искажан процент на реализација на буџетот во 2012година. Во истата табела се искажува и споредбата на остварените приходи во тековната година со претходната година и искажан процент на пораст односно намалување на остварените приходи.

**а.) табела на вкупните приходи на основниот буџет на Општина Крушево.**

| **Видови приходи** | **Планирани приходи буџет2013година год.** | **Остварени приходи завршна 2012год.** | **Остварени приходи завршна 2013година год.** | **Процент на реализација приходи 2013год,** | **Процент на пораст приходи 2013/2012** |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5=4*100/2** | **6=4*100/3** |
| **Вкупно приходи класа 7** | **82.684.000,00** | **27.147.407,00** | **50.844.644,00** | **61,49%** | **187,29%** **+87,29%** |
| | | | | | |
| **71. - даночни приходи** | **18.830.000,00** | **11.672.690,00** | **14.552.523,00** | **77,28%** | **124,67%** **+24,67%** |
| **711**-данок од доход | 750.000,00 | 593.095,00 | 700.761,00 | 93,43% | 118,15% +18,51% |
| **713**-данок од имот | 7.600.000,00 | 3.454.898,00 | 5.221.291,00 | 68,70% | 151,13% +51,13% |
| **717** - данок од специфични услуги | 10.480.000,00 | 7.547.816,00 | 8.553.408,00 | 81,62% | 113,32% +13,32% |
| **718 -**такси за користење или дозвола | / | 76.881,00 | 77.063,00 | / | 100,24% |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| за дејност | | | | | +0,24% |
| **72.- не даночни приходи** | **1.576.000,00** | **715.065,00** | **605.892,00** | **38,44%** | **84,73%<br>-15,27%** |
| **722 -** Такси и надоместоци<br>**723**- админ.такси и надоместоци<br>**724**- други владини услуги<br>**725**- други неданочни приходи | 350.000,00<br>400.000,00<br>50.000,00<br>776.000,00 | 320.140,00<br>221.500,00<br>58.791,00<br>114.634,00 | 236.185,00<br>221.697,00<br>17.000,00<br>131.010,00 | 67,48%<br>55,42%<br>34,00%<br>16,88% | 73,77%<br>-26,23%<br>100,09%%<br>+0,09%<br>28,91%<br>-71,09%<br>114,28%<br>+14,28% |
| **74.- трансвери и донации** | **58.348.000,00** | **13.612.866,00** | **32.301.395,00** | **55,36%** | **237,28%<br>+137,28%** |
| **741-** трансвери и донации | 58.348.000,00 | 13.612.866,00 | 32.301.395,00 | 55,36% | **237,28%<br>+137,28%** |
| 73 – **капитални приходи** | **3.930.000,00** | **1.146.786,00** | **3.384.834,00** | **86,13%** | **295,16%<br>+195,16%** |
| **731** – продажбан а капитални средства<br>**733-** продажбан а земјишта и мат. вложувања | 100.000,00<br>3.830.000,00 | /<br>1.146.786,00 | /<br>3.384.834,00 | /<br>88,38% | /<br>295,16%<br>+195,16% |

## б.) Табела на вкупен приход на буџет на дотации на Општина Крушево

| Видови приходи | Планирани приходи буџет 2013 год. | Остварени приходи завршна 2012год. | Остварени приходи завршна 2013год. | Процент на реализација приходи 2013 год, | Процент на пораст приходи 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5=4*100/2** | **6=4*100/3** |
| **Вкупно приходи класа 7** | **70.821.000,00** | **71.806.753,00** | **69.532.145,00** | **98,18%** | **96,83%<br>-3,17%** |
| **72 -неданочни приходи** | **/** | | | **/** | **/** |
| **725 -**други неданочни приходи | / | | | / | / |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **74.- трансвери и донации** | **70.821.000,00** | **71.806.753,00** | **69.532.145,00** | **98,18 %** | **96,83% -3,17%** |
| **741-** трансвериидонации | 70.821.000,00 | 71.806.753,00 | 69.532.145,00 | 98,18 % | 96,83% -3,17% |

**в.)Табела на вкупен приход на буџетот за самофинансирачки активности на единките корисници на буџетот на Општина Крушево**

| Видови приходи | Планирани приходи буџет 2013 год. | Остварени приходи завршна 2012 год. | Остварени приходи завршна 2013год. | Процент на реализација приходи 2013 год, | Процент на пораст приходи 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5=4*100/2** | **6=4*100/3** |
| **Вкупно приходи класа 7** | **5.972.000,00** | **3.998.487,00** | **3.328.941,00** | **55,74 %** | **83,25 % -16,75%** |
| **72 -неданочни приходи** | **5.972.000,00** | **2.808.797,00** | **3.282.368,00** | **54,96 %** | **116,86% +16,86%** |
| **723 -** админ.такси инадоместоци<br>**724 -** други владини услуги<br>**725-** други неданочни приходи | 5.747.000,,00<br>20.000,00<br>205.000,00 | 2.611.848,00<br>12.000,00<br>184.949,00 | 3.278.368,00<br>4.000,00<br>/ | 57,04%<br>20,00%<br>/ | 125,52% **+25,52%**<br>**33,33% -66,67%**<br>**/** |
| **74.- трансвери и донации** | **0,00** | **1.189.690,00** | **46.573,00** | **/** | **3,91% -96.09%** |
| **741-** трансвериидонации | 0,00 | 1.189.690,00 | 46.573,00 | 0,00 % | **3,91% -96.09%** |

**г.)Табела на вкупен приход на буџетот за донација по проектите одобрени на Општина Крушево**

| Видови приходи | Планирани приходи буџет 2013год. | Остварени приходи завршна 2012год. | Остварени приходи завршна 2013 год. | Процент на реализација приходи 2013 год, | Процент на пораст приходи 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5=4*100/2** | **6=4*100/3** |
| **Вкупно приходи класа 7** | **592.000,00** | **7.011.488,00** | **147.703,00** | **24,95%** | **2,11% -97,89%** |
| **74.- трансвери и донации** | **592.000,00** | **7.011.488,00** | **147.703,00** | **24,95%** | **2,11% -97,89%** |
| **741-** трансвериидонации<br>**742-**Донации од странство | /<br>592.000,00 | 400,00<br>7.011.088,00 | 147.703,00<br>/ | /<br>/ | 36.925,75%<br>/ |

Општина Крушево во 2013 година имаше отворено сметки за  донации за :

- **донација - Проект КАРДС  програма сметка 785-12**

За оваа сметка треба да се каже дека  беше отворена во текот на 2008 година и дека тоа беа средства преку КАРДС- проектот за развој на туризмот.

.На 12.12.2011 година преку Народна Банка на РМ се вратија  9658,45 еура во денарска противредност од 349,821,00 денати.   . Затворањето на проектот и повлекувањето на остатокот на средства  се реализирасо 31.12.2011 година и остана салдо 0,00 денари.Во 2012 година се поднесува Завршна сметка .Во 2013 година  се достави   барање до МФ-сектор трезор под арх.број 03-700/1-4 од 03.09.2013 година-**за да угасни** ,односно затвори **оваа сметка во рамките на трезорот .**

-**донација 785-27-средства од УСАИТ-за еднакви можности**

Одобрена во 2010 година  во целост е реализирана преку потпрограмата Г10-подршка на проекти од ЛЕР.а во 2012 година се поднесе само завршна сметка ,без податоци за 2012 година.Во 2013 година се достави барање до МФ- Ссектор за трезор **за затворање на оваа сметка;**

-**донација 785-31-средства од Форум на заедници -за третман на отпад-поконкретно за канти за отпад**

И тоа одобрено во 2010 година  и реализирана преку потпрограмата ЈН0 - урбана опрема .Во 2012 година се поднесува завршна сметка без податоци за тековната година .Во 2013 година и за оваа сметка се достави барање до МФ- Ссектор за трезор **за затворање на оваа сметка;**

-**донација - 785-46- средства од Форум на заедници -за изградба на градски пазар-трета фаза.**

Оваа донација беше наменета за покривање и внатрешно уредување на градскиот пазар .Планирана беше со потпрограмата ГАА-изградба на комерцијални објекти -градски пазар.  За овој проект во 2012 година се поднесува завршна сметка без податоци за тековната година.Во 2013 година и за оваа сметка се достави барање до МФ- Ссектор за трезор  **за затворање на оваа сметка;**

-**донација 785-16-**    Преку Буџетот 2012 година се реализираше и донацијата на Дом на култура Н.Н. Борче Крушево на износ од 100.000,00 денари за набавка на опрема за греење и климатизација . Реализирано е 99.600,00 денари. Остаток **салдо** непотрошени средства **износ од 400,00 денари.**  Истото салдо постои и во 2013 година и се поднесува завршна сметка.

-**донација 785-50-**   Во 2012година беше одобрено донација за прекугранична соработка со Грција -ПРОМОКРОС-планирана на  програма односно потпрограма Г20-развој на туризмот .Планирано со поектот износ од 6.425.500,00 денари.Реализирани се 4.642.072,00 денари. По расходни ставки реализирани се 4.468.495,00 денари .Останаа салдо 173.577,00 денари непотрошени средства со 31.12.2012 година,кои се пренесуваат во 2013 година.Во 2013 година се потрошени износ од 61.500,00 и на 31.12.2013 година остана **салдо од 112.077,00.**Ова салдо се очекува да си го повлечи донаторот.

-**Донација 785-12  -** Корисник ОСУ - Н.Н.Борче Крушево - за обука на занимања,планирана во Буџет преку програма Н -  потпрограма Н20- средно образование ,износ од 2.318.000,00 денари. Реализирани се 2.369.016,00 денари приходи, а од нив по расходни ставки потрошени се 2.277.513,00 денари.Останаа непотрошени 91.503,00 денари .Како непотрошени средства се пренесуваат во фискалната 2013 година. Во 2013 година се потрошени средства -износ од 86.203,00 денари и со 31.12.2013 година на таа сметка им е останато **салдо од 5.300,00 денари.**

**Заклучок кај донациите збирно има салдо непотрошени средства  за пренос во 2014 година износ 117.777,00** и тоа  по проекти и корисници опишано во претходното појаснување,после делот кај фискалната табела.

На ниво на вкупен буџет на Општина Крушево се забележува дека планирано е

износ од 160.069.000,00 денари.ребалансиран буџет 2013 година. Реализирани се вкупни приходи од 123.109.933,00,00 плус депозит-потрошено средства од пренесеното салдо износ 743.500,00 денари или вкупно 123.853.433,00 денари..Реализацијата на Буџетот на Општина Крушево во фискалната 2013 година во однос на планирано - реализирано **изнесува 77,37%.**

Вкупниот приход на ниво на Општина според реализираното 2013 година во однос на реализираното во 2012година изнесува:

-2013 година вкупно реализиран приход износ од 123.853.433,00 денари;

-2012 година вкупно реализиран приход износ од 112.975.790,00 денари;

-2013/2012 процент на реализација на приходите 109,63% значи зголемена реализација во споредба со претходната година за +9,63 %

Причината за зголемениот пораст на приходот е подобрената наплата на приходите во основниот Буџет,конкретно со преземениот чекор за наплата на заостанат долг преку активирање на присилната наплата.

Во делот на **основниот буџет** планирано беше приход од 82.684.000,00 денари ,реализирани приходи износ од 50.844.644,00 денари или процент на реализација на приходите во оперативниот буџет е 61,49 %.

За поголема реализација на планираните приходи доста е направено во општинската даночна администрација.Преземени се мерки за зголемување на наплатата на пренесените ненаплатени побарувања од УЈП и тоа се доставуваат опомени,,се дава можност за плаќање на заостанатиот долг на рати. Во 2013 година посебен акцент се даде на опомените за ненаплатен долг за данок од имот кај физичките лица.Но потребно е уште многу да се работи на овој дел -наплата на заостанати побарувања ,како би се подобрила финансиската состојба на општината и да може поквалитетно да ги врши работите под своја надлежност. Се примени мерката за наплата преку извршни решенија кај лицата кои имаат заостанат долг и не се уредни даночни обврзници.

Треба што пореално и побрзо да се ангажира на активностите поврзани со имотот на правните лица,нивна проценка по новата методологија и пресметување на данок на имот за тие имоти. Тука да се нагласи дека преку УСАИД - програмата се спроведе проектот за проценка на имотот по новата методологија и ова се реализира.Ефектот од ова се почуствува во фискалната 2011 и 2012 година кога има и нови даночни обврзници и промена кај веќе постоечките обврзници. Сепак треба да се превземаат мерки за што е можно повеќе да се зголеми наплатата на побарувањата по основ на даноци и такси.

Вкупните приходи по завршна сметка се класифицираат на :

1.Вкупно-тековно оперативни приходи износ од 118.540.633,00 денари и тоа :

- основниот буџет износ од 45.531.844,00 денари;
- од дотации износ од 69.532.145,00 денари;/
- од самофинансирање износ од 3.328.941,00 денари и
- приходи од донации 147.703,00 денари

- Капитални приходи износ од 5.312.800,00 денари. и тоа само од:
- основен буџет износ од 5.312.800,00 денари.

## 2.3. -Расходи на Општината

Расходната ставка на Буџетот на Општината се планира согласно законските прописи и програмското планирање. Програмите се утврдени согласно со

надлежностите и согласно упатствата од буџетскиот циркулар.

Расходната ставка на основниот буџет ја прикажуваме по видови во следните табели:

**а.)табела на расходите на основниот буџет**

| Видови расходи | Планирани расходи буџет 2013 година | Остварени расходи завршна 2012 година | Остварени расходи завршна 2013 година | Процент на реализација рарасходи 2013год. | Процент на пораст расходи 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5=4*100/2** | **6=4*100/3** |
| **Вкупно расходи класа 4** | **82.684.000,00** | **25.942.471,00** | **50.844.644,00** | **61,49%** | **195,99% +95,99%** |
| **40**.-Плати наемнини и надоместоци | 13.453.000,00 | 9.623.046,00 | 10.710.966,00 | 79,62% | 111,30% +11,30% |
| **41.-**резерви и недефинирани расходи | 300.000,00 | 15.000,00 | 90.000,00 | 30,00% | 600,00% |
| **42.-**Стоки и услуги<br><br>**45.-**Каматни пла ќања | 18.665.000,00<br><br>50.000,00 | 10.635.474,00<br><br>18.123,00 | 11.994.004,00<br><br>14.079,00 | 64,26%<br><br>28,16% | 112,77% +12,77%<br><br>77,68% -22,32% |
| **46.-**субвенции и трансвери | 5.656.000,00 | 1.507.479,00 | 3.297.126,00 | 58,29% | 218,72% +118,72% |
| **47.-**Социјални бенефиции | 150.000,00 | 179.992,00 | 47.774,00 | 31,85% | 26,54% -73,46% |
| **49.-**Отплата на главница | 200.000,00 | / | 177.156,00 | 88,58% | / |
| **Вкупно тековно оперативни расходи** | 38.474.000,00 | 21.979.114,00 | 26.331.105,00 | 68,44% | 119,80% +19,80% |
| **48.-**капитални расходи | 44.216.000,00 | 3.963.357,00 | 24.513.539,00 | 55,45% | 618,50% |

**б.)Табела на вкупните расходи на буџет на дотации на Општината Крушево**

| Видови расходи | Планирани расходи буџет 2013 година | Остварени расходи завршна 2012 година | Остварени расходи завршна 2013 година | Процент на реализација рарасходи 2013 год. | Процент на пораст расходи 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5=4*100/2** | **6=4*100/3** |
| **Вкупно расходи** | **70.821.000,00** | **70.130.432,00** | **69.532.145,00** | **98,18%** | **99,15%** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **класа 4** | | | | | **-0,85%** |
| **40**.-Плати наемнини и надоместоци | 57.186.000,00 | 56.147.704,00 | 57.036.009,00 | 99,74% | 101,58% +1,58 |
| **41.-**резерви и недефинирани расходи | / | / | / | / | / |
| **42.-**Стоки и услуги | 12.774.000,00 | 13.434.271,00 | 11.714.477,00 | 91,70% | 87,19% -12,81% |
| **46.-**субвенции и трансвери | 336.000,00 | 437.844,00 | 281.679,00 | 83,83% | 64,33% -35,67% |
| **47.-**Социјални бенефиции | / | / | / | | / |
| **Вкупно тековно оперативни расходи** | **70.296.000,00** | **70.019.819,00** | **69.032.165,00** | **98,20%** | **98,59% -1,41%** |
| **48.-**капитални расходи | 525.000,00, | 110.613,00 | 499.980,00 | 95,23% | 452,00% +352,00 |

**в.)Вкупни расходи на Буџетот на самофинансирање на корисниците - единки од буџетот на општината**

| Видови расходи | Планирани расходи буџет 2013 година | Остварени расходи завршна 2012година | Остварени расходи завршна 2013година | Процент на реализација рарасходи 2013год. | Процент на пораст расходи 2013/2012 |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5=4*100/2** | **6=4*100/3** |
| **Вкупно расходи класа 4** | **5.972.000,00** | **3.490.905,00** | **3.328.941,00** | **55,74%** | **95,36% -4,64%** |
| **40**.-Плати наемнини и надоместоци | 0 | / | / | / | / |
| **41.-**резерви и недефинирани расходи | / | / | / | / | / |
| **42.-**Стоки и услуги | 5.092.000,00 | 2.897.565,00 | 3.314.063,00 | 65,08% | 114,37% +14,37% |
| **46.-**субвенции и трансвери | / | / | / | / | / |
| **47.-**Социјални бенефиции | / | / | / | / | / |
| **Вкупно тековно оперативни расходи** | **5.092.000,00** | **2.897.565,00** | **3.314.063,00** | **65.08%** | **114,37% +14,37%** |
| **48.-**капитални расходи | 880.000,00 | 593.340,00 | 14.878,00 | 1,69% | 2,51% -97,49% |

За расходите во делот на донациите.поврзани со проекти.беше образложено во делот кај приходите.

Вкупните реализирани расходи на Буџетот на општината изнесуваат 123.853.433,00 денари., споредени со вкупно планираните расходи од 160.069.000,00, бележат процент на остварување од 77,37 %.

Расходната страна на основниот буџет на општина Крушево се анализира и од страна на планираните програми.

**а. Табела на планираните и реализираните расходи по програми и нивниот процент на извршување во фискалната 2013 година**

| Програма | Планирани расходи | Реализирани расходи | % на извршување на расходите |
|---|---|---|---|
| А00- Совет на општината | 5.119.000,00 | 2.650.439,00 | 51,78 |
| Г10-Подршка на проекти од ЛЕР | 200.000,00 | 130.000,00 | 65,00 |
| Д00-Градоначалник | 1.969.000,00 | 1.275.081,00 | 64,76 |
| Г20-Поттикнување развој на туризмот | 250.000,00 | 1.730,00 | 0,69 |
| ГАА-изградба на комерцијални објекти - градски пазар | 300.000,00 | 194.000,00 | 64,67 |
| Е00- Општинска администрација | 21.401.000,00 | 15.326.255,00 | 71,61 |
| Ј30 - Комунална дејност - улично освњетлување | 5.570.000,00 | 4.259.676,00 | 76,48 |
| Ј60 за одржување на улици и патишта | 660.000,00 | 318.600,00 | 48,27 |
| Ј70 - Одржување и користење на паркови и зеленило | / | / | / |
| Ј80-Други комунални услуги | 530.000,00 | 275.611,00 | 52,00 |
| ЈД0-Реконструкција и изградба на улици и патишта<br>ЈДБ-Изградба на инфраструктура во викенд зона локалитет Вршник<br>**Вкупно ЈД:** | 7.950.000,00<br>31.460.000,00<br>**39.410.000,00** | 4.415.079,00<br>17.367.875,00<br>**21.782.954,00** | 55,53<br>55,21<br>**55,27** |
| ЈГ0 - | 2.500.000,00 | 1.713.309,00 | 68,53 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| реконструкција и изградба на водовод | | | |
| ЈЕ0- Изградба на простор за паркирање | / | / | / |
| ЈИ0 изградба на фекална канализација | 800.000 | 750.905,00 | 93,86 |
| ЈЛ0 -комунални работи- капитални | 250.000,00 | 191.235,00 | 76,49 |
| ЈН0 - урбана опрема | 200.000,00 | 29.771,00 | 14,89 |
| К4А-културни манифестации и творештва | 1.100.000,00 | 374.646,00 | 34,06 |
| Л00 - спорт и рекреација - | 1.170.000,00 | 698.607,00 | 59,71 |
| Н1 -основно образование | 50.000,00 | 29.956,00 | 59,91 |
| Ђ0 противпожарна заштита | 505.000,00 | 247.823,00 | 49,07 |
| Ф2-уредување на градежно земјиште | 700.000,00 | 594.046,00 | 84,86 |
| К20 Култура | / | / | / |
| НА0-Образование капитални | / | / | / |
| Вкупно; | 82.684,000,00 | 50.844.644,00 | 61,49 |

Завршната сметка на општина Крушево за 2013 година ги содржи податоците за приходи и расходи во основниот буџет, буџетот на дотации и Буџетот на самофинансирачките активности, Буџетот на донации,буџетот за задолжување - кредит.

При тоа напоменуваме дека приходите и расходите прикажани во буџетот на дотации и во буџетот на самофинансирање се збирни (консолидирани) и се однесуваат на корисниците - единки од буџетот на општина Крушево, а поединечна изработена Завршна сметка по тип на сметки ,обврска е на самиот корисник.

Со фискалната децентрализација и пренесените надлежности општина Крушево има превземени надлежности од областа на културата, образованието , социјалната заштита. Има пренесено надлежности над 5 корисници - единки од буџетот на општината и тоа:

- еден корисник од областа на културата;
- три корисници од областа на образованието и тоа два корисници од основното образование и еден корисник од областа на средното образование;
- еден корисник од областа на социјалната заштита поточно од областа на детската заштита.

Единките корисници на буџетот на општината Крушево доставуваат завршни сметки за секој тип на сметки до Градоначалникот и извештај -анализа за секоја сметка посебно. Овие извештаи се прикачуваат кон извештајот за годишната сметка на Општина Крушево за 2013 година за секој корисник посебно.

**2.4. Разлика меѓу приходите и расходите**

Од податоците и финансиските извештаи се гледа дека во Буџетот на Општина Крушево:

а.) основниот буџет

| | |
|---|---|
| -реализирани приходи; вкупен износ од | 51.893.162,00 |
| -реализирани расходи: вкупен износ од | 50.844.644,00 |
| -расходи меѓу приходи и расходи износ од | 1.048.518,00 |

б.) буџет на дотација

| | |
|---|---|
| -реализирани приходи; вкупен износ од | 70.810.660,00 |
| -реализирани расходи: вкупен износ од | 69.532.145,00 |
| -расходи меѓу приходи и расходи износ од | 1.278.515,00 |

в.)буџет на самофинансирачки активности:

| | |
|---|---|
| -реализирани приходи; вкупен износ од | 3.789.950,00 |
| -реализирани расходи: вкупен износ од | 3.328.941,00 |
| -расходи меѓу приходи и расходи износ од | 461.009,00 |

г.) буџет на донација

| | |
|---|---|
| -реализирани приходи; вкупен износ од | 265.480,00 |
| -реализирани расходи: вкупен износ од | 147.703,00 |
| -расходи меѓу приходи и расходи износ од | 117.777,00 |

Се забележува дека утврдениот вишок на приходи се пренесува во наредната година како вишок на непотрошени средства од претходна година и се евидентираат во корист на сметката на приходите, само финансиски -книговодствено , а во Буџетот за 2014 година не се планираат.

## 3.-Извештај за средствата -побарувањата, обврските на Општината

При изготвување на завршната сметка покрај билансот на приходите и расходите како финансиски извештај се изработува и образецот Биланс на состојба. Податоците кои се утврдени во билансот на состојбата реално ја прикажуваат состојбата и богатството(имотот со кој располага) на Општината.

Во билансот на состојбата дадени се податоците за состојбата на средствата и изворите на средствата на последниот ден од фискалната година. Буџетите на ЕЛС се изземени од обврската да водат евиденција на расположивите основни средства.Тоа е обврска на Органот на Општината.Овие податоци се изнесени во поднесениот извештај за спроведениот попис во 2013 година како посебна точка на дневен ред на седницата на Советот.

Според евиденцијата на 31.12.2013 година Буџетот на Општина Крушево располага со остаток на средства -салда на сметките на Буџет- Основен буџет износ од 1.048.518,00 денари ,салдо на сметка буџет на наменски дотации износ од 1.278.515,00 денари и салдо на сметката за донација,износ од 117.777,00 денари.Тоа е вишокот на пренесени средства непотрошени во фискалната 2013 година.

Со фискалната децентрализација од 01.07.2005 година даноците и комуналните такси преминуваат во ингеренција на локалната власт и се сопствени приходи на Општината.Според законот за даноци и комунални такси донесена е Одлука на Совет

за висината на стапките на даноците и таксите. Проценката на вредноста на имотот се врши по проценка на вредност и тоа од страна на определена комисија од страна на Советот и по утврдената методологија за утврдување на пазарната вредност на имотот. Базата на даноци и такси од УЈП е пренесена во почетокот на 2006 година и оттогаш решенијата за даноци и такси се изработуваат во општина Крушево од страна на даночната администрација, а ги издава Градоначалникот.**Со состојба 31.12.2013 година има ненаплатени побарувања и тоа:**

-побарувања од **данок на имот** износ од **6.105.609,00 денари;**
-побарувања од **комунални такси** износ од **5.941.383,00 денари**
**-вкупно ненаплатени побарувања износ од 12.046.992,00 денари**

Ненаплатените побарувања на крајот на 2012 година изнесуваа 12.551.352,00 денари. и тоа побарувања од даноци износ од 6.289.122,00 денари и побарувања од комунални такси износ 6.262.230,00 денари. Намалување на ненаплатените приходи во 2013 година во споредба со 2012 година на 95,98% %,односно намалени за -4,02%,

**Во 2013 година за данок на имот** од даночното одделение **се издадени 3028 и** истите се доставени и огласени до обврзниците. Финансиската вредност за задолжување по основ овие решенија во 2013 година односно редовниот облог 2013 година изнесува 3.404.978,00 денари;а наплатата на данок на имот во 2013 година изнесува 3.591.056,00 денари .Побарувањата по основ данок на имот изнесуваат 6.291.687,00 денари пренесени од 2012 година во 2013 година.Пресметано;пренесени побарувања од 2012 г. плус облог 2013 година минус наплата 2013 година на 31.12.2013 година на име на данок на имот има ненаплатено побарување од (6.291.687,00 + 3.404.978,00 - 3.591.056,00=) **6.105.609,00**

Во 2013 година по основ на данок од наследство и подарок има издадено и наплатено решенија во финансиски износ од 195.832,00 денари.

Во 2013 година по основ на данок од недвижност и права има издадено и наплатено решенија во финансиски износ од 1.434.077,00 денари.

-За **комуналната такса за фирмарина** издадени се и доставени 296 решение односно редовниот облог со финансиска вредност од 1.345.400,00 денари .Наплатата на таксата за фирмарина во 2013 година изнесува 1.257.194,00 денари. Ненаплатено побарувањата по основ комунална такса за фирмарина **со 31.12.2013 година изнесува 3.776486,00 денари пренесено во 2014година.**

Со 31.12.2013 година Општина Крушево има ненаплатени и побарувања и по основ на следните:

-комунална такса за привремен престој (туристичка такса ) износ од 13.708,00 денари;

-комунална такса за пред деловен простор износ од 297.587,00 денари;

-комунална такса за музика износ од 73.500,00 денари;

-комунална такса за закуп на простор износ од 685.035,00 денари(за закуп на горна училишна зграда во постапка со суд);

-приходи од продажба на транспортни средства -дел износ од 100.000,00 денари (недоисплатено од продажбата на камионче за снег.)-заостанато побарување:

приходи од сомнителни побарувања износ од 513.633,00 денари;

приход сомнителна наплата на такса за привремен престој износ од 498.453,00 денари .

Буџетот на Општината нема обврска да ги евидентира оврските по основ на фактури ,договори ситуации, решенија и слично Тоа е обврска на Органот на општината. Тие обврски се прикажуваат во посебниот извештај за спроведениот попис во 2013 година како посебна точка. Спецификацијата за **обврски спрема доверителите со 31.12.2013 годинаима салдо од 25.534.999,00 денари,прилог е кон извештајот за попис 2013 година.За обврските податок од извештајот на органот на општината,**

Но во буџетот на Општината се води и вонбилансна евиденција на доспеаните

обврски според добиените книговодствени документи и се изработува извештај за тие обврски. Тој извештај го следи градоначалникот и се прави план -приоритет на измирување на обврските. По образецот К2 кој се доставува како прилог на кварталните извештај се дава податокот за неизмирените обврски.

Со 31.12.2013 година има пресметани, а неисплатени надоместоци за советниците за периодот од 01.09.2013год.- 31.12.2013 година,но напоменуваме дека до денот на изработката на Завршната сметка за 2013 година и изработката на годишниот извештај исплатено е надомест на Советниците заклучно до 31.10.2013 година.

## 4. Извештај за реализација на инвенстиционит програми, наменски, капитални и блок дотации

Општина Крушево при донесување на годишниот Буџет покрај планираните приходи и расходи за тековно - оперативно работење планира приходи од трансфери од други нивоа на власт, поточно од Министерствата, од Владата, од Агенции и слично за реализација на некои инвенстициони програми со кои се аплицира до тие структури или се планира да се аплицира. Капиталните расходи се планирани врз база на развојната програма 2013- - 2015 . Капиталните планирани расходи во Основниот буџет од 2013 година изнесуваат 44.210.000,00 денари и опфаќаат 53,47%од основниот буџет .Реализирани се 24.513.539,00 денари или 55,45%.

Се рализираат преку следните програми и потпрограми:

- а.) -**Програма ГА ,потпрограма ГА0** - изградба на комерцијални објекти развојна потпрограма ГАА- пазар во Крушево во основниот буџет планиран износ од 300.000,00 денари ,реализиран износ од 194.000,00 денари или процент на реализација во 2013 година 64,67%.

Со оваа потпрограма се планираше изградбата на градското пазариште. Реализацијата на овој проект беше во 2011 година .Во 2012 година се планираше на оваа потпрограма за да се реализираат обврските околу договорот за партерно уредување околу пазарот.за кои дел се исплати во 2012 година ,а дел се реализира во 2013 година, износ од 144.000,00 денари.Тука се испланира и вградување на противпожарен систем .преземена обврска за ова износ од 189.302,00 денари ,а платено реализирано износ од 50.000,00 денари .Отворена обврска за оваа програма за во 2014 година износ од 131.720,00 денари.

- **Програма ЈД** -изградба и реконструкција на локални патишта, планирано

-39.410.000,00 денари,реализирано 21.782.954,,00 денари ,процент на реализација 55,27%, Во себе содржи потпрограми -дел од разволјните потпрограми за 2011,2012 ,2013 година.Кај делот на изградба и реконструкција на улици и патишта активностите беа насочни кон реализација на изградба на патот РП-516 за н.м.Врбоец.Договор по јавната набавка износ од 5.156.029,00денари,реализирано е 1.477.211,00 денари , а останаа недореализирани ,пренесено во 2013 година износ од 3.678.818,00 денари. Целиот износ -долг е реализиран,измирен во 2013 година.Овој проект по основ на договорот е во целост реализиран.

Активностите продолжија на -изградба на пешачки патеки Борино,Алданци ,Селце по договор за јавни набавки изнесува 4.848.591,00 денари,реализирано износ од 1.065.159,00 денари.остана недореализиран дел ,пренесено во 2013 година износ од 3.783.433,00 денари.Направен е анекс на овој договор ,намалување за 608.795,00 денари.Со тоа отворената обврска во 2013 година од 3.783.433,00 денари се намалува на 3.174.638,00 денари . Во 2013 година извршено

и реализирано износ од 1.405.720,00. Останува отворена обврска од 1.768.918,00 денари.

Реконструкција е направено на улицата Таќа Бербер износ од 533.478,00 денари според развојната програма за комунални активности во Општината.

Во 2013 година започна реализација на Проектот - изградба на инфраструктура викенд зона на локалитет Вршник.договор на износ од 53.773.404,00 денари. од кој договор произлегува 60% реализација во 2013 година и 40% реализација до 31.07.2014 година. Во 2013 година со буџет 2013 година планирано е износ од 31.460.000 денари реализиран износ од 15.927.855,00 денари.Остаток на обврска по договор износ од 15.532.145,00 денари за работите кои беа планирани за 2013 година..Следува анекс на договорот за непредвидени работи до 16.132.021,00 денари. Вкупните преземени обврски по договорот и анекс договорот изнесуваат 69.905.425,00 денари.извршени и платени работи во 2013 година износ.од 15.927.855 ,00 денари.Остаток од 53.977.570,00 денари пренесени и превземени во 2014 година..Напоменуваме дека во 2013 година по овој проект се извршени работи уште за 13.015.646,00 денари.,а нивната трансакција за плаќање е извршена во почетокот на 2014 година во периодот на изготвување на Завршната сметка.Според Тоа во 2014 година треба да се извршат и платат работи остаток од 40.961.924,00 денари. Средствата ги обезбедува Министерствот за транспорт и врски и ги преведува директно на изведувачот со договор за цесија.

Програмите планирани за 2013 година ,започнати активности продолжуваат и во 2014 година.

- Програма ЈГ изградба на систем за водоснабдување- планирани потпрограми, - изградба на систем за водоснабдување-каптажи на локација Езериште договор на износ од 17.999.319,00 денари .ИзврШени работи по прва времена ситуација износ од 3.997.722,00 денари за која во 2013 година доставија договор за цесија., се пренесуваат како развојна програма одо 2012 година, одобрени се средства од Фондот за води се пренесува во 2013година. Отворен износ по договорот за во 2014 година.

- Програма ЈИ - потпрограма ЈИ0-изградба на систем за одведување и пречистување на отпадни води планирано има 800.000,00 денари а реализирано има 750.905,00. , Во овој делл треба да се каже дека во 2013 година се затвори започнатиот проект од 2009,2010 година за изградба на фекална канализација во н.м. Врбоец.износ од 714.625,00 денари финансиран со средства од Министерството за транспорт и врски на РМ.Се направија и армирани бетонски корита за поила во н.м. Врбоец износ од 36.280,00 денар. За другите планирани проекти има само постапки на преговори,најдување на решенија , обезбедување извори нса финансиски средстваза да се реализираат планираните програми..

- Програма ЈН- потпрограма ЈН0 - Урбана опрема планирано износ од 200.000,00 денари -реализација -само износ од29.771,00 денари Ђ набавени неколку канделабри .

- Програма К4-потпрограма К40- културни манифестации и творештва ,проектот Етно град -Крушево планирано има 1.100000,00 денари, реализирано има 374.646,00 денари Процент на реализација од 34,06%,

- Програмата ЈЛ-други комунални услуги ,поврзана е со купеното камионче за собирање на смет,со средства од кредит - задолжување на Општината. Во 2013 година започна отплатата на овој долг.Се плаќа на шест месеци ,доспеан ануитет. Првиот ануитет доспеа во 2013 година и се плати износ 191.235,00 денари, од кое отплата е износ 177.156,00 денари..Вкупното кредитно задолжување беше 3.011.655,00 денари.

## 5.Извештај за користење на финансиските средства од тековните резерви

Во буџетот на општина Крушево планирани се тековни и постојани резерви во вкупен износ од 300.000,00 денари и тоа: еден дел во програмата на Советот износ од 100.000,00 денари , а еден дел во програмата на Градоначалник износ од 200.000,00 денари преку расходните ставки 412 и 413. Планираните тековни резерви изнесуваат 0,78% од вкупните планирани тековно - оперативни расходи. Од планираните резерви во текот на 2013 година реализирани се само еден мал дел и тоа од расходната ставка 413- потставка 413 110 од потпрограмата градоначалник износ од 90.000,00 денари.Овие средства се однесуваат за исплата по решенија на вработени за смрт на член од потесното семејство и за смрт на вработени вокај корисници -единки во надлежност на Општината.
Право на градоначалникот е да од тековните резерви троши до 50.000,00 денари со одлука или решение кое сам го издава без одлука на Совет.

**Истакнуваме дека Општина Крушево сеуште нема вработено лице кое ја врши функцијата одговорен сметководител и од тие причини не се доставува како прилог негова изјава за податоците од Завршна сметка,за нивната точност и веродостојност. . Оваа година такви изјави потпишуваа одговорните лица -конкретно во Општината изјава потпишува Градоначалникот и се доставува како прилог со финансиските извештаи до Централен регистар на РМ.**

Прилог :- биланс на приходи и расходи

- биланс на состојба
- извештаите од корисниците - единки по сметки